**20130621363**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 89 став 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА КОРИСНИЦИТЕ И ДАДЕНИТЕ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ КОЕ САМОСТОЈНО ВРШИ ОДРЕДЕНИ РАБОТИ ОД ДЕЈНОСТА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА КАКО ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на корисниците и дадените услуги од страна на физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност.

## I. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЕВИДЕНЦИЈА НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ НА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ КОЕ САМОСТОЈНО ВРШИ ОДРЕДЕНИ РАБОТИ ОД ДЕЈНОСТА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА КАКО ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ

Член 2

Од страна на физичкото лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст се води евиденција на корисниците на услугите (во натамошниот текст евиденцијата на корисници).

Член 3

Евиденцијата на корисници содржи:
- име и презиме на корисникот на услугите;
- датум на раѓање на корисникот на услугите;
- пол на корисникот на услугите;
- националност на корисникот на услугите;
- државјанство на корисникот на услугите;
- адреса на живеење на корисникот на услугите;
- телефонски број за контакт;
- вид на услуга што ја бара корисникот на услугите;
- број и датум на склучен договор за давање услуга.

Член 4

(1) Евиденцијата на корисници се води во хартиена форма или во електронска форма.

(2) Евиденцијата на корисници се води во хартиена форма се пополнува со сино неизбришливо мастило.

(3) Евиденцијата на корисници која се води во хартиена и во електронска форма е идентична.

(4) Евиденцијата на корисници во хартиена форма се води во книга со димензии 29,5 х 42,0 см. и содржи 500 страници, печатени од двете страни со хоризонтални линии на 2,5 см и истата е укоричена со корица во темно сина боја.

(5) Образецот на книгата од став 4 на овој член е даден во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

## III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ДАДЕНИ УСЛУГИ ОД ФИЗИЧКО ЛИЦЕ КОЕ САМОСТОЈНО ВРШИ ОДРЕДЕНИ РАБОТИ ОД ДЕЈНОСТА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА КАКО ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ

### Член 5

Од страна на физичкото лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст се води евиденција на дадени услуги на корисниците на услугите (во натамошниот текст евиденцијата на услугите).

### Член 6

(1) Евиденцијата на услугите содржи:
- датум на отпочнување со вршење на услугата;
- име и презиме на корисникот на услугите и детето;
- датум на раѓање на детето;
- адреса на живеење на детето;
- место на давање на услугата;
- телефонски број за контакт;
- вид на услуга/и дадена/и на корисникот;
- краток опис на дадената/ите услуга/и;
- времетраење на дадената/ите услуга/и;
- број и датум на склучен договор за услуга/и дадена/и на корисникот.

(2) Податоците од став 1 на овој член се евидентираат со отпочнување на давањето на услуга.

### Член 7

(1) Евиденцијата на услугите се води во хартиена форма или во електронска форма.

(2) Евиденцијата на услугите која се води во хартиена форма се пополнува со сино неизбришливо мастило.

(3) Евиденцијата на услугите која се води во во хартиена и во електронска форма е идентична.

(4) Евиденцијата на услугите во хартиена форма се води во книга со димензии 29,5 x 42,0 см. со 500 страници, печатени од двете страни со хоризонтални линии на 2,5 см и истата е укоричена со корица во темно зелена боја.

(5) Образецот на книгата од став 4 на овој член е даден во Прилог број 2, кој е составен дел на овој правилник.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-2757/1
19 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски**, с.р.

Прилог бр.1

Насловна страна на корица

КНИГА ЗА Е В И Д Е Н Ц И Ј А
НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИ НА ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ КОЕ САМОСТОЈНО ВРШИ
ОДРЕДЕНИ РАБОТИ ОД ДЕЈНОСТА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ
НА ДЕЦА КАКО ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ

| Име и презиме на корисникот на услугите | Датум на раѓање на корисникот на услугите | Пол на корисник от на услугите | Национал ност на корисник от на услугите | Државјан ство на корисник от на услугите | Адреса на живеење на корисникот на услугите | Тел број за контакт | Вид на услуга/и што ја бара корисникот на услугите | Број и дата на склучен договор за давање услуга |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Страниците од 1 до 500 се идентични

Прилог бр.2

Насловна страна на корицата

КНИГА ЗА Е В И Д Е Н Ц И Ј А
НА ДАДЕНИ УСЛУГИ ОД ФИЗИЧКО ЛИЦЕ КОЕ САМОСТОЈНО ВРШИ
ОДРЕДЕНИ РАБОТИ ОД ДЕЈНОСТА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ
НА ДЕЦА КАКО ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ

| Датум на отпочнување со вршење услуга | Име и презиме на корисникот на услугите и детето | Датум на раѓање на детето | Адреса на живеење на детето | Место на давање на услугата | Телефонски број за контакт | Вид на услуга/и дадена/и на корисникот | Краток опис на дадената/ите услуга/и | Врем аење даде /ите услу | р а и | Број и дата на склучен договор за услуга/и дадена/и на корисникот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Страниците од 1 до 500 се идентични